MAVROVO MAXIMUM
# ADVENTURE



ДАЛИ ИМАТЕ ТИМ СПРЕМЕН ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ ВО НАД 8 **АВАНТУРИСТИЧКИ ПРЕДИЗВИЦИ?**

## 03–05 ЈУНИ 2016

MAVROVO MAXIMUM
# ADVENTURE




## КРАТКО ИНФО

Ски центарот од Маврово заедно со Експлоринг Македонија оваа година по трет пат го организираат еден од најпредизвикувачките аматерски спортски настани, “Mavrovo Maximum Adventure”. Овој настан е наменет за компании и е еден вид на лесен спотрски тим билдинг со натпреварувачки карактер, каде екипите се натпреваруваат во авантуристички спортови и забавни игри со цел да победи подобриот.

Настанот ќе се одржи od 03-05 Јуни 2016, на терените на Маврово и Мавровоско Езеро. Овој настан се состои од 2 дела, Sport Challenge и Adventure Games.



- Над 10 авантуристички спортови
- 8+ забавни тимски игри
- 250+ натпреварувачи и над 50 екипи на последниот организиран настан спремни да го подигнат пехарот како победници
- Музичка забава преку денот со бендови и ДЈ
- Спонзорирана Тематска забава
- Брендирани тимови и навивачки екипи

# SPORT CHALLENGE



MAVROVO MAXIMUM ADVENTURE

## SPORT CHALLENGE

Првиот ден натпреварувачите ќе имаат можност да се натпреваруваат во 10 дисциплини (8 натпреварувачки и 2 ревијални):

- Кајак на мирни води
- Стрелаштво
- Стреличарство
- Фрлање на копје
- Пикадо
- Планинско трчање
- Планински велосипедизам
- Трка со џипови (р)
- Трка со АТВ и Крос мотори (р)

Во настанот имаат право на учество сите оние кои активно не се занимавале со професионален спорт од 2005/2006 година.

MAVROVO MAXIMUM
# ADVENTURE

# 10 SPORT ACTIVITIES
## MORE THEN 50 TEAMS




### ПЛАНИНСКО ТРЧАЊЕ

ДОЛЖИНА - 3.8км (Мажи и Жени)
ТЕЖИНА - Средна ВИСИНСКА РАЗЛИКА – 200м
МАКС. НАГИБ - 35% ПРОС. НАГИБ – 9.2%

Оваа дисциплина е наменета за еден натпреварувач. По самата патека се поставени обележани места за освежување за време на трката. За оваа дисциплина потребно е само натпреварувачот да има соодветна спортска опрема според неговата желба. Натпреварувачите тргнуваат во исто време, со тоа што одделно се бодуваат мажите а одделно жените.

### ПЛАНИНСКИ ВЕЛОСИПЕДИЗАМ

Изведувач – Велосипедски клуб “ENERGY”
ДОЛЖИНА – 7.6км за мажи; 3.8км за жени
ТЕЖИНА – Средна ВИСИНСКА РАЗЛИКА – 400м
МАКС. НАГИБ – 35% ПРОС. НАГИБ – 9.2%

Оваа дисциплина е наменета за еден натпреварувач. По самата патека се поставени обележани места за освежување за време на трката. За оваа дисциплина потребно е натпреварувачот да има сопствена опрема (велосипед и соодветна спортска опрема). Натпреварувачите тргнуваат во исто време, со тоа што одделно се бодуваат мажите а одделно жените.





### КАЈАК НА МИРНИ ВОДИ

Изведувач – Експлоринг Македонија
Должина - од 200м до 400м
Тежина - Средна

Оваа дисциплина е наменета за двајца натпреварувачи кои ќе се натпреваруваат со кајак двосед. Натпреварувачите имаат за цел да поминат од 200 до 400 метри обележана патека со најдобро време пред останатите тимови. Организаторот обезбедува соодветна опрема, кајак и весло, додека натпреварувачите потребно е да носат соодветна опрема за водени спортови според нивна желба.

### ПИКАДО

Изведувач – Експлоринг Македонија
Одалеченост на метите – од 2м до 5м; Мешано
ТЕЖИНА – Лесно

Оваа дисциплина е наменета за еден натпреварувач. Натпреварувачите имаат за цел да погодат во полињата со поени од неколку обиди што е можно повеќе. Целите за гаѓање се поставени на различни далечини и секоја од нив носи различни поени.



MAVROVO MAXIMUM ADVENTURE

# 10 СПОРТСКИ ПРЕДИЗВИЦИ

## УЧЕСТВО НА НАД 50 ЕКИПИ




### СТРЕЛАШТВО

Изведувач – Стрелачки клуб “Камник”
Тежина - Лесна

Оваа дисциплина е наменета за еден натпреварувач. Натпреварувачите најпрво имаат пробно натпреварување каде стекнуваат почетно искуство за користење на опремата. Потоа следи втор круг, од кој само од него остварените резултати се рангираат и бодуваат. Организаторот безбедува соодветна опрема, воздушна пушка и диаболи со соодветен инструктор, додека натпреварувачите потребно е да носат нормална спортска опрема според нивна желба.

### СТРЕЛИЧАРСТВО

Изведувач – Стреличарски клуб “Валсодар”
Тежина - Средна

Оваа дисциплина е наменета за еден натпреварувач. Натпреварувачите најпрво имаат пробно натпреварување каде стекнуваат почетно искуство за користење на опремата. Потоа следи втор круг, од кој само од него остварените резултати се рангираати бодуваат. Организаторот безбедува соодветна опрема, лак и стрела за стреличарство со соодветен инструктор, додека натпреварувачите потребно е да носат нормална спортска опрема според нивна желба.






### ГАЃАЊЕ НА МЕТА СО КОПЈЕ

Изведувач – Експлоринг Македонија
Тежина - Средна

Овие дисциплини се наменети за еден натпреварувач. Натпреварувачите најпрво имаат пробно натпреварување каде стекнуваат почетно искуство за користење на опремата. Поставени се соодветни мети и за двете дисциплини кои носат различни поени според местоположбата и делот од самата мета. Потоа следи втор круг, од кој само од него остварените резултати се рангираат и бодуваат. Организаторот обезбедува соодветна опрема, додека натпреварувачите потребно е да носат нормална спортска опрема според нивна желба.

### НОВА ДИСЦИПЛИНА

Изведувач – Експлоринг Македонија
ТЕЖИНА – Средна

ЗА ОВАА ДИСЦИПЛИНА ЌЕ ИМА ИНФОРМАЦИИ НАСКОРО

?




## ТРКА СО ЏИПОВИ, ATW И КРОС МОТОРИ - РЕВИЈАЛНО

Иведувач – Мото Клуб “Александар”
ДОЛЖИНА – 46км за мажи; 3.8км за жени
ТЕЖИНА – Средна ВИСИНСКА РАЗЛИКА – 1650м
МАКС. НАГИБ – 21% ПРОС. НАГИБ – 9.2%

Овие две трки се ревијални трки и не влегуваат во официјалните резултати за бодување. Се прогласува само најдобриот резултат и организаторот доделува признание на победникот. Секој учесник учествува со свое возило и опрема, а организаторот не одговара за никаков проблем при оштета за време на трката и после неа.

# ADVENTURE GAMES











MAVROVO MAXIMUM
ADVENTURE

## ADVENTURE GAMES

Вториот ден од Mavrovo Maximum Adventure се состои од забавни игри кои се наменети да го подобрат тимскиот дух а во кои најважна е снаодливоста, интелегенцијата и агилноста при совладување на препреките.

“Adventure Games” se состојат од неколку игри, секоја различна, каде учесниците ќе имаат задача заедно да ги совладаат препреките и да ја завршат секоја од игрите во најбрз временски рок. За секоја игра секој тим сам одлучува за тоа кој од екипата ќе учествува во предизвикот.


MAVROVO MAXIMUM
ADVENTURE
nextsense



# *УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО*

- Се пријавува тим од 4 - 6 члена
- Секој тим мора да е пријавен од страна на компанија
- Компаниите може да пријавуваат повеќе од еден тим
- Еден тим мора да избере најмалку 4 спорта од Sport Challenge во кој ке учествува
- Еден член од тимот може да се пријави да учествува во повеќе различни спорта
- Трката со џип и мотор не влегуваат во официјалниот натпреварувачки дел и се ревијални, односно, пријавувањето ќе биде на денот на одржувањето.
- Секој тим треба да учествува и во Adventure Games
- Секој тим сам одлучува кои членови во која игра ќе учествуваат во Adventure Games (секоја игра се извршува со не повеќе од 4 члена)
- Секој тим мора да има барем една жена учесник

*НАПОМЕНА: Право на учество имаат оние кои активно (професионално) не се натпреварувале од 2005/2006 година.*



## *БОДУВАЊЕ И ПОБЕДА*

- Во бодирањето за Sport Challenge влегува само најдобриот резултат од тимот од секоја дисциплина во која учествувал а не спаѓа во ревијалните. **Пример:** Доколку од еден тим двајца натпреварувачи учествуваат во стреличарство, во главниот резултат ќе се брои само еден резултат, односно, резултатот/бодовите од оној кој е подобро пласиран во однос на другиот.

- Бодувањето на Adventure Games е според постигнатите резултати (најдобро време за извршување на активноста) на секоја поединечна игра.

- На крај се собираат поените од двата дена, од Sport Challenge и Adventure Games и се прогласуваат најдобрите тимови според листаат на бодирање.

## *УЧЕСТВО*

За да пријавите тим потребно е да ја превземете и потполните ПРИЈАВАТА ЗА УЧЕСТВО со сите потребни информации како и ИЗЈАВАТА ЗА УЧЕСТВО потполнета од сите членови од тимот скенирана и пратена на e-mail адресата petar@exploringmacedonia.com;

***НАПОМЕНА:*** Учеството во настанот со свој тим е бесплатно. Сместувањето како и трошоците за храна не се покриени од организаторот но ќе бидат понудени промотивно ниски цени за сместување со појадок во хотелите на Ски Центарот Маврово како и храната на пунктовите за пикник.


MAVROVO MAXIMUM
ADVENTURE
ДАЛИ СТЕ ДОСТОЈНИ
ЗА ПРЕДИЗВИКОТ?
ПРИЈАВИ И ТИ СВОЈ ТИМ!